Бр./Nr 12-343/4
26-04-2022
г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-тата седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-343/1 од 20.01.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-343 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-343/1 од 20.01.2020 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата подносителот изразува незадоволство од исходот на имотно правен спор, по однос на недвижен имот за кој подносителот тврди дека е во негова сопственост. Од Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Пријавата е два пати сукцесивно надополнета на 20.01.2020 и на 09.07.2020 година и доставени се докази како поткрепа на изнесените наводи.

По разгледување на наводите во пријавата и доставените докази, ДКСК утврди дека во конкретниот случај подносителот бара ДКСК да вонредно да преиспита правосилно завршен имотно правен спор, по однос на кој подносителот го искажува неговото особено незадоволство, а за што ДКСК не е надлежна согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од горе наведеното, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување, заради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р В. Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**